*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на | Број 17 | |
| Општината Штип | 29 декември 2005 година | ГОДИНА XLII |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


271.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА
ЗА РАБОТА НА ОУ "ДИМИТАР ВЛАХОВ"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на Годишната програма за работа на ОУ "Димитар Влахов"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-2653/2 | Градоначалник |
| 29 декември 2005 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

272.

Врз основа на член 97 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ", број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 63/04) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 декември 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОУ "ДИМИТАР ВЛАХОВ"-ШТИП

Член 1

Се донесува Годишната програма за работа на ОУ "Димитар Влахов"-Штип.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2653/1
27 декември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

273.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2005/2006 ГОДИНА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

I

Се објавува Програмата за одржување на локалните патишта во Општина Штип за 2005/2006 година во зимски услови.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2654/2
29 декември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

274.

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2005/2006 ГОДИНА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

## 1. Општ дел

Врз основа на член 56 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ", број 26/96) и точка 3.2 член 46 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип број 08-388/1 од 10.06.1999 година со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на улиците во град Штип како и локалните патишта во Општината Штип, опфатени со Основниот урбанистички план во зимски услови во сезоната 2005/2006 година.

Поради ефектното дејствување по Програмата треба да бидат земени во предвид следните моменти и тоа:

1. Степен на подготвеност (приправност);
2. Приоритет на дејствување;
3. Увид и информираност
4. Употреба на механизација;
5. Употреба на работна рака;
6. Финансирање на програмата

## I. Степен на подготвеност

Критериумот на степенот на подготвеност е настанатата временска ситуација која секојдневно се прати преку стрдствата за информирање.

Приправноста започнува на 5 ноември секоја календарска година, завршува на 15 март наредната година.

Степенот на приправност ќе го оценува Совет на општина и Совет за безбедност на сообракајот.

Според настанатата ситуација во тој период имаме три степени на приправност и тоа:

Прв степен

Календарски е веќе започната зимата, меѓутоа ситуацијата во секојдневниот сообраќај и комуникациите е нормална.

Во пунктот се е во исправна состојба, количеството на сол и ситен песок е доволна, а расположивата механизација е исправна.

Потребната количина на сол е од 75 тона, а на ситен песок околу 150 м$^3$, кои количества се доволни за потребите на градската улична мрежа и локални патишта во просечни зимски услови.

Втор степен

Настанува кога осетно се намалува температурата и се очекуваат врнежи од снег.

Се превземаат превентивни мерки за посипување на улиците од прв приоритет со сол.

Овој степен на приправност трае и со почнувањето на врнежи од снег но истите се совладуваат со расположивата механизација опфатена со планот за дејствување.

Трет степен

Настапува кога снежните врнежи и други појави не можат да се совладаат со расположивата механизација и луѓе опфатени со планот за дејствување.

Веќе се активира штабот на цивилна заштита и координирано се настапува во ублажувањето на временските прилики.

**II. Приоритет на дејствување**

Заради важноста на комуналните објекти и тоа што тие поврзуваат, се наметнува и приоритетноста во дејствувањето во зимски услови. Ако пак посматрано од економски причини не е прифатливо и потполно целосно одржување на градската улична мрежа и некои делови на локалната патна мрежа, затоа уличната мрежа и локалните патишта ќе ги рангираме заради приоритетната благовремена интервенција и за ублажување на зимските прилики.

А/ Прв приоритет

Кога веќе зимските услови најавуваат загрозување на зимскиот сообраќај во зимскиот период се пристапува кон следното:

Превентивно посипување со сол за да се спречи појавата на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со редовното посипување со сол и песок се до нејзиното отклонување..

При интензивни врнежи од снег неминовно е негово отстранување од коловозот.

Чистењето на коловозот се врши со широчина од 2,5 м. на една коловозна лента така да очистениот во двата правца изнесува 5,0 м.

Коловозот треба да е прооден за сообраќај до 5 часот наутро на улиците кои со Оперативниот план се ставени во прв приоритет, сообраќајот да се одвива со намалена брзина, согласно Законот за безбедност на сообраќајот и Законот за патишта.

Во првиот приоритет влегуваат објектите : Болница, Клисура, УВР, Пожарна, Пекара, Депонија, Филтер Станица и улиците: "Партизанска", "Сремски Фронт", дел од улица "Борис Крајѓер", "Сајбие Демир", дел од "Пиринска", "Сутјеска", "Гоце Делчев", "Железничка", "делот од "Железничка" до спојот со магистралниот пат Велес-Кочани", "Брегалничка", Камен мост на р. Брегалница (Мал одмор), Касарни, нас. "Пребег", "Маршал Тито", "Ванчо Прќе""Михајло Апостолски", "Тодор Коларов", дел од ул. "Борко Талев", од почетокот до Стариот здравен дом, кеј "Димитар Влахов", излез Клисура, Борис

Кидрич, "Чатал", "Васил Главинов", "Христијан Карпош", "Јосив Ковачев", нас. "Дузлак" "Крушевска Република", "Лески", влез на "Баби 5", Славчо Стојменски со вкупна должина од 29.50 км.

Б/ Втор приоритет

Ширината на очистениот коловоз во еден правец да изнесува 2,0 м. во двата правца широчината на коловозот е 4,0 м. Исто така на секој 50-100 м. ќе се направи проширување за разминување на возилата.

Едносмерните улици се чистат во широчина од 2,5 м. на коловозната лента. Чистењето да се изврши најкасно за 8 часа од престанокот на врнежите.

Исчистениот коловоз треба да е подготвен за одвивање на сообраќајот со осетно намалена брзина. Повремено се врши посипување со сол заради појава на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со посипување со сол и песок се до нејзиното отстранување.

Сообраќајот може да се прекине со координација на сообраќајната полиција, а возилата се упатат по други улици се до очистување на критичното место.

Во вториот приоритет влегуваат следните улици: "Вита Поп Јораданова", "Мирче Ацев",Медицинско училиште,дел од ул. "Љубен Иванов", "Тодор Коларов", покрај зидот на градска болница, "Васил Доганџиски", дел од ул. "Борко Талев" (до дуќанчето), дел од ул."Јоаким Стојков",(до самопослугата)"Блок 77" главна улица,"Блок 85" (главна улица), "Сутјеска" до диспанзерот, ул. "Иван Рибар",ул. "Радански пат", "Еврејска", "Панче Караѓозов", "Вардарска", "5-та Партиска Конференција","Солидарност", "7-ми Конгрес", "Боро Арсов", "Булевар ЈНА" со вкупна должина од 12.60км.

Во вториот приоритет ја сврстуваме и локалната патна мрежа со користење на расположива механизација што е за градското подрачје само во случај истата да е слободна без потреба за интервенција во градот и прилазите, во спротивно се активираат договорите и градежните оперативи, со кои истите се ангажирани за секој локален правец посебно со своја задача и оперативен план. Должината на локалната патна мрежа која се одржува изнесува 31.10км.

В/ Трет приоритет

Во третиот приоритет влегуваат сите останати улици во градот каде пристапот на механизација е невозможен, истите ќе се чистат со интервенција на граѓаните со координација на месните заедници.

## III. Увид и информираност

1. Увид

Обиколката на теренот ќе се врши со патнички возила со кои располагаат групите што се вклучени во Зимската служба, во потешки случаи се користат теренски возила од Штабот за цивилна заштита како и од Собрание на Општина Штип, а информациите ќе се примаат од истите групи како и од органите на УВР и претпријатието "Македонија пат" РЕ Штип. Увидот ќе биде поприсутен на локалната патна мрежа поради оддалеченоста и на патните правци, а во градското подрачје истото ќе го вршат одговорните лица на дадената смена.

Истите лица задолжително од предходната смена ќе добиваат извештаи за состојбата и за ефектот на постигнатата работа записнички со прилог во дневник во координација со сообраќајната полиција.

2.Информираност

Од Оперативната група што е на терен и одговорните на групите што вршат увид на лице место а користејќи ги информациите од јавните средства за информирање како и службата на УВР преку врска се известува дежурниот во службата задолжен за прием и известување стациониран во просториите на ЈП "Штип Проект" Штип кој истовремено координира со Штабот за цивилна заштита како и со Центарот за известување и тревожење а истовремено за текот на работите ќе бидат известувани и органите за безбедност на сообраќајот за нивна евентуална интервенција како и АМСМ.

## IV. Употреба на механизација

Во планот за зимско одржување ќе бидат опфатени најнеопходните машини со кои можат да се совладат временските неприлики во рамките на нормални зимски услови, во спротивно, за временски непогоди ќе се активира и дополнителна тешка механизација во координација со Штабот за цивилна заштита.

За градското подрачје се ставени на располагање следните машини: трактор за утовар,ФАП-дуплак со плуг и соларка, ТАМ со плуг и соларка и универзална машина CAD D - 428.

За ангажирање на градежната оператива постигнати се договори за нивно учество со потребна механизација.

## V. Употреба на работна рака

За градското подрачје ЈП "Штип-проект"ќе ангажира мин. три возача по потреба општи работници и два раководители . Истите ќе влезат поименично во прилогот на Оперативниот план за одржување на сообраќајниците и локалните патишта во зимски услови.

***Напомена***

Стопанските дворови ќе се чистат од самите организации.

Просторите во и околу школските објекти организирано се чистат од учениците и класните раководители.

Тротоарите испред деловните простори ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на прсторот што го зафаќа во должина на тротоарот. Тротоарите на мостовите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈП "Исар" организирано преку сопствена програма.

Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе е 5 см. на помала снежна покривка ќе се интервенира со посипување на сол и песок.

Раскрсницата "Дујле" кај "Базалт", Мал одмор, Стопанска банка и кај Градската црква ќе се чистат целосно со отстранување на снег и голомразица.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени со сообраќај до 5 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 100 км. или 500.000 м2.

**VI. Финансирање**

Со Програмата за 2005/2006 година планираме дека се потребни вкупно 2.347.000,00 денари и тоа:

- употреба на возила 600.000,00 ден.(амортизација,гориво,резервни делови)
- услуги од друга градежна оператива 500.000,00 ден.
- работна рака (дежурства и редовна плата) 647.000,00 ден.
- материјал (песок , сол, ладна асфалтна маса и др.) 600.000,00 ден.

Средствата треба да бидат обезбедени од Советот на Општина Штип .

Стварните трошоци ќе се утврдат по изготвување на градежна книга заверена од овластено лице на Локалната самоуправа по која ке се врши зафаќање од средствата за зимско одржување.

## ***О П Е Р А Т И В Е Н   П Л А Н***

Стационирањето на луѓето и механизацијата ќе бидат во пунктот позади Градскиот базен а приемот на информациите и понатамошното известување ќе биде во пунктот на телефон број 391-922.

Првото активирање на целокупната група вклучена во зимско одржување ќе го изврши директорот на ЈП "Штип-проект"-Штип дипл. град. инг. Александар Шумански.

Понатамошниот тек на дејствување на оперативните групи ќе биде според оперативниот план и директна одговорност на раководителите на групите.

***Прв приоритет***

Критични места каде треба да се обрати посебно внимание:

- болница
- клисура
- ул. "Гоце Делчев" (од Црква "Св. Никола" до ул."Ванчо Прке"; од ул. "Партизанска" до надвозник кај "Македонија пат´; и од "Мал одмор" до фабрика "Астибо"
- ул. "Партизанска" (од надвозник кај "Македонија пат" до Дом на млади)
- ул. "Борис Кидрич"
- ул. "Сремски Фронт"
- спојка Сењак -Баби
- ул. "Крушевска Република"

Улиците од 1. приоритет ќе се минуват по следниот редослед:

- ул. "Гоце Делчев"-Пребег-Димитар Влахов-Васил Главинов-Генерал Михајло Апостолски-Тодор Коларов (до болница)
- Борис Кидрич-Маршал Тито-Христијан Карпош
- Сремски Фронт - спојка Сењак Баби - Лески - Крушевска Република - Сајбие Демир - Партизанска - Сутјеска (до ОУ Гоце Делчев)
- Славчо Стојменски

***Втор приоритет***

Во вториот приоритет влегуваат следните улици: "Вита Поп Јораданова", "Мирче Ацев", Медицинско училиште, дел од ул."Љубен Иванов", "Тодор Коларов", покрај зидот на градска болница, "Васил Доганџиски", дел од ул. "Борко Талев" (до дуќанчето), дел од ул. "Јоаким Стојков", (до самопослугата) "Блок 77" главна улица, "Блок 85" (главна улица), "Сутјеска" до диспанзерот, ул. "Иван Рибар", ул. "Радански пат", "Еврејска", "Панче Караѓозов", "Вардарска", "5-та Партиска Конференција","Солидарност", "7-ми Конгрес", "Боро Арсов", "Булевар ЈНА". Редоследот на чистење на улиците од II приоритет го определува дежурниот раководител.

Во втор приоритет влегува и Локалната патна мрежа.

Во колку возилото определено за чистење на прв приоритет обезбеде нормално функционирање на сообраќајот се упатува на расчистување на Локалната патна мрежа во спротивно ако е потребно се активираат договорите склучени со градежната оператива задолжени за посебни реони од истата.

***Трет приоритет***

Во трет приоритет влегуваат останатите улици од град Штип каде што не е можен пристап на механизација.

Истите се чистат од граѓаните во ширина на нивните дворни места во координација со месните заедници.

Стопанските дворови ќе се чистат од самите организации.

Просторите ви и околу школските објекти организирано се чистат од учениците и класните раководители.

Тротоарите испред деловните простории ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на прсторот што го зафаќа во должина на тротоарот.

Пешачките мостови со тротоарите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈП "Исар" организирано преку сопствена програма.

**Напомена**:

Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе е 5 см. на помала снежна покривка ќе се интервенира со посипување на сол и песок. Раскрсницата "Дујле" кај "Базалт", "Мал одмор", Стопанска банка и кај Градската црква ќе се чистат целосно со отстранување на снег и голомразица.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени со сообраќај до 5 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 100 км. или 500.000 м2.

Број 0701-2654/1
27 декември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

275.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2005 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во изменувањето и дополнувањето на буџетот на Општината Штип за 2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2655/2
29 декември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

276.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа и ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 4 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 декември 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2005 ГОДИНА

**1. Општ дел**

Член 1

Во Измената на распоредот на средствата во изменувањето и дополнувањето на буџетот на Општината Штип за 2005 година ("Службен гласник на Општина Штип", број 8/05) се вршат следните измени.

Член 2

Во **приходниот дел** од измената на распоредот на средствата во изменувањето и дополнувањето на буџетот на Општината Штип за 2005 година во Биланс на приходите и расходи, раздел 77401, РКБ 41050, сметка 630, да се изврши прераспределба на следните потставки:

1. Зголемување да се изврши кај следните потставки (во колона 630- Буџетски приходи)

- 711111 - Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на РМ, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и фондовите основани со закон, износот од 675.000,00 денари да се замени со износ 1.100.000,00 денари.
- 713311 - Данок на промет на недвижности и права, износот од 7.800.000,00 денари да се замени со износ 9.000.000,00 денари.
- 717115 - Комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, друмски и приклучни возила што се плаќа при регистрација на возилата, износот од 1.000.000,00 денари да се замени со износ 1.100.000,00 денари.
- 717131 - Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност, износот од 0,00 денари да се замени со износ 100.000,00 денари.
- 717135 - Комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност, износот од 10.000,00 денари да се замени со износ 20.000,00 денари.
- 722315 - Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на Општината, износот од 10.000,00 денари да се замени со износ 250.000,00 денари.

- 724112 - Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови, износот од 100.000,00 денари да се замени со износ 700.000,00 денари.
- 725939 - Други неданочни приходи, износот од 0,00 денари да се замени со износ 100.000 денари.
- 741112 - Трансфери од буџетот на РМ, износот од 2.000.000,00 денари да се замени со износ 5.093.000,00 денари.
- 741115 - Дотации од приходи од ддв, износот од 8.500.000,00 денари да се замени со 9.550.000,00 денари.

2. Намалување да се изврши кај следните потставки:

- 711112 - данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот, износот од 1.575.000,00 денари да се замени со износ 1.100.000,00 денари,
- 711133 - Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност, износот од 990.000,00 денари да се замени со износ 190.000,00 денари.
- 717137 - Надоместок за уредување на градежно земјиште, износот од 14.000.000,00 да се замени со 0,00 денари.

Член 3

Во **посебниот дел** на измената на распоредот на средствата во изменувањето и дополнувањето на буџетот на Општината Штип за 2005 година во делот на расходи да се изврши прераспределба во следните програми на следните потставки:

I. Програма АО-Совет на Општина во колона 630-Буџетски расходи

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:

- 442170 - Културно-уметнички манифестации, износот од 900.000,00 денари да се замени со износ 1.100.000,00 денари.
- 483260 - Купување на опрема за греење и климатизација, износот од 90.000,00 денари да се замени со износ 92.600,00 денари.

II. Програма ДО-Градоначалник во колона 630-Буџетски расходи

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:

- 402220 - Основен придонес за професионално заболување, износот од 6.000,00 денари да се замени со износ 8.000,00 денари.
- 464990 - Други трансфери, износот од 0,00 денари да се замени со износ 1.200.000,00 денари.
- 481130 - Реконструкција на станбени објекти, износот од 0,00 денари да се замени со износ 300.000,00 денари.
- 483490 - Купување на други машини, износот до 0,00 денари да се замние со износ 360.000,00 денари.

2. Намалување да се изврши кај следните потставки:

- 484190 - Други стратешки резерви, износот од 2.000.000,00 денари да се замени со износ 0,00 денари.

III. Програма ЕО-Општинска администрација во колона 630-Буџетски расходи

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:
- 401510 - Персонален данок на доход од плата, износот од 376.000,00 да се замени со износ 900.000,00 денари
- 402210 - Основни придонеси за здравство, износот од 1.274.000,00 денари да се замени со износ 1.560.000,00 денари.
- 421.420 - Регистрација на моторни возила, износот од 50.000,00 денари да се замени со износ 120.000,00 денари.
- 425920 - Услуги за копирање, печатење и издавање, износот од 0,00 денари да се замени со износ 100.000,00 денари.
- 425940 - Рушење на објекти, износот од 0,00 денари да се замени со износ 500.000,00 денари.
- 425990 - Други договорни услуги, износот од 900.000,00 денари да се замени со износ 1.300.000,00 денари.
- 426990-Други оперативни рсходи, износот од 300.000,00 денари да се замени со износ 400.000,00 денари.
- 482920 - Изграда на други објекти, износот од 0,00 денари да се замени со износ 905.000,00 денари.

IV. Ј3-Јавно осветлување во колона 630-Буџетски расходи

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:
- 421110 - Електрична енергија, износот од 7.540.000,00 денари да се замени со износ 10.000.000,00 денари.
- 423910 - Други материјали за специјална намена, износот од 751.900 денари да се замени со износ 1.150.000,00 денари.

2. Намалување да се изврши кај следните потставки:
- 424390 - Одржување на други градби, износот од 1.708.100,00 да се замени со износ 850.000,00 денари.

V. Ј4 - Јавна чистота во колона 630-Буџетски расходи

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:
- 426990 - Други оперативни расходи, износот од 0,00 денари да се замени со износ 601.800,00 денари.

2. Намалување да се изврши кај следните потставки:
- 425990 - Други договорни услуги, износот од 601.800,00 денари да се замени со 0,00 денари.

VI. ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во колона 630-Буџетски расходи

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:
- 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати, износот од 5.817.798,00 денари да се замени со износ 6.576.198,00 денари.

2. Намалување да се изврши кај следните потставки:
- 482110 - Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати, износот од 14.000.000,00 денари да се замени со износ 0,00 денари.

VII. К2 - Музичка и сценско-уметничка дејност-930-Наменска дотација

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:
- 421110 - Електрична енергија, износот од 0,00 денари да се замени со износ 5.772,00 денари.

2. Намалување да се изврши кај следните потставки:
- 426990 - Други оперативни расходи, износот од 5.772 да се замени со износ 0,00 денари.

VIII. М1 - Детски градинки-930-Наменска дотација

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:
- 421240 - Течни горива, износот од 2.650.802,00 денари да се замени со износ 2.750.802,00 денари.

2. Намалување да се изврши кај следните потставки:
- 424430 - Поправки и одржување на опрема, износот од 100.000,00 денари да се замени со износ 0,00 денари.

IX. Н1 - Основно образование-930-Наменска дотација

1. Зголемување да се изврши кај следниве потставки:
- 423110 - Канцелариски материјали, износот од 50.700,00 денари да се замени со износ 66.700,00 денари.
- 423120 - Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените, износот од21.300,00 денари да се замени со износ 23.300,00 денари.
- 423210 - Материјали за АОП, износот од 4.800,00 денари да се замени со износ 5.800,00 денари.
- 423610 - Наставно-образовни помагала, износот од 8.500,00 денари да се замени со износ 13.500,00 денари.
- 423710 - Средства за одржување на хигиена, износот од 51.686,00 денари да се замени со износ 63.686,00 денари.
- 423720 - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, износот од 48.400,00 денари да се замени со износ 66.400,00 денари.
- 424210 - Одржување на згради, износот од 186.600,00 денари да се замени со износ 204.600,00 денари.

2. Намалување да се изврши кај следните потставки:
- 421240 - Течни горива, износот од 2.180.300,00 денари да се замени со износ 2.108.300,00 денари.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2655/1
27 декември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

277.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Буџетот на Општината Штип за 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2656/2
29 декември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

278.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа и ("Службен весник на РМ", број 5/02), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 61/04 и 96/04) и член 21 точка 4 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 декември 2005 година, донесе

# Б У Џ Е Т
# НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА

## 1. Општ дел

Член 1

Буџетот на Општината Штип за 2006 година се состои од:

| | |
|---|---|
| **Вкупни приходи** | **157.133.393 денари** |
| и тоа: | |
| - тековно-оперативни приходи | 84.148.000 денари |
| - наменски дотации | 31.062.393 денари |
| - капитални дотации | 5.000.000 денари |
| - трансфери | 36.743.000 денари |
| - донации | 180.000 денари |
| **Вкупни расходи** | **157.133.393 денари** |
| и тоа: | |
| - **утврдени намени** | **156.033.000 денари** |
| - **резерви** | **1.100.000 денари** |

Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите, билансот на тековно-оперативни расходи и билансот на капитални расходи на Општината 157.133.393 денари за 2006 година и тоа како што следува:

# Биланс на приходи на ниво на потставки

| Категорија Ставка Потставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | БУЏЕТ ЗА 2006 Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од даноци | Приходи од наменски дотации | Приходи од кредити | ВКУПНИ Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 36.706.833 | 85.319.315 | 95.683.000 | 30.208.000 | 180.000 | 31.062.393 | 0 | 157.133.393 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | **35.585.000** | **57.070.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **57.070.000** |
| **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | | **2.390.000** | **5.250.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.250.000** |
| *7111* | *Персонален данок од доход* | | *2.390.000* | *5.250.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *5.250.000* |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и фондовите основани со закон | | 1.100.000 | 2.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.200.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на Буџетот | | 1.100.000 | 2.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.300.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | | 190.000 | 750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 |
| **713** | **Даноци на имот** | | **16.505.000** | **18.255.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **18.255.000** |
| *7131* | *Данок на имот* | | *7.200.000* | *7.200.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *5.000.000* |
| 713111 | Данок на имот | | 7.200.000 | 7.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 |
| *7132* | *Данок на наследство и подарок* | | *300.000* | *300.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *300.000* |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| *7133* | *Данок на промет на недвижности и права* | | *9.000.000* | *10.750.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *10.750.000* |
| 713311 | Данок на промет на недвижности и права | | 9.000.000 | 10.750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.750.000 |
| *7135* | *Казни и камати* | | *5.000* | *5.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *5.000* |
| 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данокот на имот | | 5.000 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| **717** | **Даноци на специфични услуги;** | | **16.690.000** | **33.415.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **33.415.000** |
| *7171* | *Комунални даноци;* | | *16.690.000* | *33.415.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *33.415.000* |
| 717111 | Комунална такса за привремен престој | | 150.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, реклами и слично | | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 |

| Категорија Ставка Потставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | Б У Џ Е Т  З А  2 0 0 6 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од даноци | Приходи од наменски дотации | Приходи од кредити | ВКУПНИ Приходи |
| 717115 | Комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, друмски и приклучни возила што се плаќа при регистрација на возилата; | | 1.100.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | | 10.000.000 | 11.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.000.000 |
| 717121 | Посебни превозни такси; | | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 717122 | Камата за ненавремено плаќање на комунални такси | | 5.000 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| 717129 | Други комунални такси (витрини, музика и сл.) | | 10.000 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | | 100.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 717132 | Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 717133 | Комунална такса за користење музика во јавните локали | | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 717135 | Комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност | | 20.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | | 0 | 15.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 |
| 717139 | Приходи од камати на локални такси и надоместоци | | 5.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **718** | **Такси за користење или дозволи за вршење на дејност;** | | **0** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** |
| *7181* | *Дозволи за вршење на дејност* | | *0* | *150.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *150.000* |
| 718111 | Дозволи за вршење на бизнис | | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 718117 | Надоместок за добивање лиценца за угостителска дејност во нокен бар, кабаре, диско клуб и диско клуб на отворен простор. | | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | **1.550.000** | **1.870.000** | **29.968.000** | **0** | **0** | **0** | **31.838.000** |
| **722** | **Такси и надоместоци** | | **450.000** | **600.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **600.000** |
| *7223* | *Административни такси* | | *450.000* | *600.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *600.000* |
| 722315 | Административни такси кои се плакаат за списите и дејствијата кај органите на општината | | 250.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 722316 | Други локални таски | | 200.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **723** | **Административни такси и надоместоци** | | **300.000** | **400.000** | **29.968.000** | **0** | **0** | **0** | **30.368.000** |
| *7239* | *Закупнини* | | *300.000* | *400.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *400.000* |

| Категорија Ставка Потставка | О П И С | Завршна сметка | Предходен буџет | Б У Џ Е Т З А 2 0 0 6 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од даноци | Приходи од наменски дотации | Приходи од кредити | ВКУПНИ Приходи |
| 723914 | Приходи од закупнина на општински имот | | 300.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| **724** | **Други Владини услуги** | | **700.000** | **750.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **750.000** |
| *7241* | *Други владини услуги* | | *700.000* | *750.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *750.000* |
| 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | | 700.000 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| 724118 | Приходи од противпожарни услуги | | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | | **100.000** | **120.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **120.000** |
| *7259* | *Други неданочни приходи* | | *100.000* | *120.000* | *0* | *0* | *0* | *0* | *120.000* |
| 725939 | Други неданочни приходи | | 100.000 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | **48.184.315** | **36.743.000** | **240.000** | **180.000** | **31.062.393** | **0** | **68.225.393** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | | **47.983.455** | **36.743.000** | **240.000** | **0** | **31.062.393** | **0** | **63.045.393** |
| *7411* | *Тековни трансфери од други нивоа на власт* | | *42.383.455* | *31.743.000* | *240.000* | *0* | *31.062.393* | *0* | *63.045.393* |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741112 | Трансфери од буџетот на РМ | | 5.093.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | | 11.735.298 | 11.735.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.735.000 |
| 741114 | Пренесен вишок на приходи од претходната година | | 1.007.495 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741115 | Дотации од приходи од ДДВ | | 9.550.000 | 20.008.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.008.000 |
| 741116 | Наменска дотација на општината за активности од културата | | 25.772 | 0 | 240.000 | 0 | 135.772 | 0 | 375.772 |
| 741117 | Наменска дотација на општината за активности од социјалната заштита | | 3.737.236 | 0 | 0 | 0 | 7.354.361 | 0 | 7.354.361 |
| 741118 | Наменска дотација на општината за активности од образованието | | 8.542..222 | 0 | 0 | 0 | 18.444.090 | 0 | 18.440.090 |
| 741119 | Наменска дотација на општината за активности од пожарникарството | | 2.492.432 | 0 | 0 | 0 | 5.128.170 | 0 | 5.128.170 |
